РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-2330/4
27-05-2022 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Државната комисија за спречување на корупцијата, врз основа на чл. 22 и чл. 23 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), а согласно со чл. 40 ст. 2 и чл. 41 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава добиена од познат подносител, на 68-та седница одржана на 20.05.2022 година ја донесе следната

# ОДЛУКА

Пријавата на /// доставена до Државната комисија за спречување на корупцијата, врз основа на која е оформен предмет со број 12-2542/1 од 27.07.2020 година, **СЕ ОТФРЛА.**

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Државната комисија за спречување на корупцијата не утврди елементи за нејзино надлежно постапување по погоре наведената пријава.

Предметот со број 12-2542 од 2020 година да се затвори и да се архивира.

До подносителот на пријавата да се достави Одлуката на Државната комисија за спречување на корупцијата, со образложението.

Одлуката на Државната комисија за спречување на корупцијата, со образложението во деперсонализирана форма, да се објави на нејзината веб страница во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## Образложение

Предметот со број 12-2542/1 од 27.07.2020 година во Државната комисија за спречување на корупцијата (во понатамошниот текст: ДКСК) е оформен врз основа на добиена пријава од /// (во понатамошниот текст: подносителот).

Во пријавата подносителот изразува незадоволство од начинот на кој била спроведена приватизацијата градежното земјиште на катастарските парцели ///, /// и /// за Катастарска Општина /// во ///. Изнесени се наводи за несовесно постапување во службата и злоупотреба на службената положба и овластувања од страна на службено

лице во ///, потоа за службени лица во ///, /// и ///. Незадоволството на подносителот е во насока на тоа дека погоре наведеното градежно земјиште било незаконски приватизирано во сопственост на друго лице, потоа дека жалбите/тужбите/кривичните пријави, како и останатите поднесоци од страна на подносителот биле незаконски и тенденциозно одбивани од надлежните органи. Од ДКСК побара да се преиспита неговиот случај и да се вклучи во кривичен прогон на посочените службени лица во пријавата. Во прилог на пријавата доставени се и докази. Последователно, подносителот изврши 5 (пет) дополнувања на неговата пријава и кон сите достави докази како поткрепа на неговите наводи во дополнувањата.

По разгледување на наводите во пријавата и доставените докази, ДКСК констатира дека во предметниот случај се работи за приватизација на градежно земјиште, а којашто приватизација подносителот ја оспорил пред надлежните државни органи во Република Северна Македонија. Тие постапиле по наводите на подносителот и донеле одлуки од своја законска надлежност. Воедно, надлежните судови донеле одлуки од своја судска надлежност по заведените спорови од страна на подносителот, а по однос на приватизацијата на погоре означеното градежно земјиште, а надлежните јавни обвинителства, постапиле по наводите на подносителот дека службените лица кои ја воделе постапката за приватизација на градежното земјиште, несовесно постапиле во службата т.е. дека ја злоупотребиле својата службена положба и овластувања. Оттаму, ДКСК утврди дека во овој конкретен случај било постапено од страна на сите органи и биле донесени одлуки од нивната законска надлежност, по што оцени дека наводите на подносителот во пријавата не се однесуваат на сомневање за можна злоупотреба на функцијата, јавното овластување, службената должност или положба од службено лице заради остварување корист, директно или преку посредник, за себе или за друг, ДКСК нема законска надлежност за постапување во предметниот случај, пријавата нема елементи за надлежно постапување од страна на ДКСК, истата да се отфрли и предметот да се затвори и да се архивира.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Имајќи го предвид погоре наведеното, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Доставено до:

- Архивата на ДКСК
- Подносителот на пријавата

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Заменик претседател,**
**Нури Бајрами**

Изработил: м-р Д. Д.
Одобрил: Г. Т.

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk